Општина Битола
Одделение за администрирање на приходи
УП.Бр.23/20-46823
22.06.2020 година

Врз основа на членовите 87 и 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15), Градоначалникот на Општина Битола го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДБИВА** барањето за користење на јавна површина – плоштад „Гоце Делчев“ за промоција на Изборна програма на коалицијата за „Обнова на Македонија“ на ден 23.06.2020 година, од 08:00 часот од 20:00 часот, поднесено од ОК на ВМРО-ДПМНЕ Битола и евидентирано под бр. 23/20-46823 од 22.06.2020 година.

## О б р а з л о ж е н и е :

ОК на ВМРО-ДПМНЕ Битола поднесе барање за користење на јавна површина – плоштад „Гоце Делчев“ за промоција на Изборна програма на коалицијата за „Обнова на Македонија“ на ден 23.06.2020 година, од 08:00 часот од 20:00 часот, евидентирано под бр. 23/20-46823 од 22.06.2020 година.

Со барањето се бара користење на јавна површина – плоштад „Гоце Делчев“ со цел за промоција на Изборна програма на коалицијата за „Обнова на Македонија“.

Според член 2 точка 13 од Изборниот законик, „изборна кампања” е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори.

Според член 69-а став 1 од Изборниот законик, за изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, видеопрезентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

Согласно ставот 2 од истиот член, изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите.

Согласно точка VI.2. од Ревидираниот роковник за продолжување на изборните дејствија за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бр. 10 – 467/2 од 16.06.2020 година на Државната изборна комисија, изборната кампања започнува во 00:00 часот на 24 јуни 2020 година и завршува во 24:00 часот на 12 јули 2020.

Согласно член 5 став 1 од Законот за општата управна постапка, јавните органи постапуваат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно ставот 2 од истиот член, јавниот орган е должен да се грижи за правната сигурност, односно еднаква примена на законите во управни работи кои се засновуваат на иста или слична фактичка состојба.

Согласно ставот 3 од истиот член, ако јавниот орган е овластен со закон да решава по слободна оцена, управниот акт треба да биде донесен во границите на законот со кој се дава овластувањето, во согласност со целта за која е дадено овластувањето и да биде особено образложен.

Оттаму, имајќи ја предвид целта за која е поднесено барањето и со оглед на законската регулатива по однос на изборните дејствија, следуваше барањето да биде одбиено.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението на Градоначалникот на Општината, со тужба, може да се поведе управен спор пред надлежниот Управен суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

По овластување на Градоначалник,
**Раководител**
**на Сектор за финансиски прашања**
**Наташа Лукиќ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Изработил: Петар Бентовски
Проверил: Сузана Николова
Одобрил: Татјана Танчева Петковска